**2024034832**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 35 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 283/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 13 февруари 2024 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИНТЕРВЕНТЕН ФОНД ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2024 ГОДИНА

I

(1) Со оваа програма ќе се реализираат интервентни мерки за финансиска поддршка во земјоделството за ублажување на последиците предизвикани од зголемувањето на производствените трошоци за производство на земјоделски култури, преку Интервентниот фонд за земјоделство.

(2) Средствата за реализација на оваа програма во износ од 300.000.000,00 денари обезбедени согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 283/23), Раздел 140.04 – Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (во натамошниот текст: Агенцијата), Потпрограма 21 – Интервентен фонд за земјоделство, ставка 464 – Разни трансфери ќе се користат за следните интервентни мерки:

| Број на мерка | Име на мерка | Вкупен износ на мерката во денари |
|---|---|---|
| 1. | Финансиска поддршка во земјоделството | 150.000.000,00 |
| 2. | Заостанати обврски по подмерките 1.1, 1.2, 1.3, 1.4, од Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделство од 2023 година. | 150.000.000,00 |
| Вкупно | | 300.000.000,00 |

II

Средствата од делот I став (2) од табелата мерка 1 „Финансиска поддршка во земјоделството“ во износ од 150.000.000,00 денари се наменети за реализација на следните подмерки:

| 1. | Финансиска поддршка во земјоделството | |
|---|---|---|
| Број на подмерка | Име на подмерката | Корисници на подмерката и висина на финансиската поддршка |
| 1.1. | Финансиска поддршка за сончоглед предаден во регистрирани капацитети за откуп директно или преку еден откупувач | 1. Корисници на оваа подмерка се членови или носители на земјоделски стопанства кои во производствената 2023 година имаат засеани површини со сончоглед и се корисници на подмерката 1.1. од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2023 година, а оствареното производство да е предадено во период од 15.08.2023 година до 30.11.2023 година во регистрирани капацитети за откуп директно или преку еден откупувач, запишан во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи.<br>2.Максималната количина на сончоглед која е прифатлива за финансиската поддршка е 2.500 килограми по пријавен хектар сончоглед по подмерка 1.1. „Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за сите поледелски култури, лековити, ароматични и зачински растенија, освен тутун“ од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2023 година.<br>3. Висината на финансиската поддршката изнесува 5 денари по килограм. |
| 1.2. | Финансиска поддршка за откупено винско грозје и произведено од сопствен насад од страна на регистрирани производители на вино кои истовремено се регистрирани откупувачи на винско грозје и го преработиле во сопствените капацитети за производство на вино. | 1.Корисници на оваа подмерка се производители на вино запишани во Регистарот на производители на вино и во Регистарот на откувачи на винско грозје кои се водат во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и кои винското грозје откупено од земјоделски стопанства и винското грозје произведено од сопствен насад од реколта 2023 година и кои го преработиле во сопствените капацитети за производство на вино.<br>2. Висината на поддршка изнесува 1 денар по килограм откупено винско грозје како и произведено од сопствен насад од реколта 2023 година.<br>3. Максимален износ по корисиник за оваа подмерка е 6.000.000,00 денари. |

III

(1) Финансиска поддршка од дел II во подмерка 1.1. „Финансиска поддршка за сончоглед предаден во регистрирани капацитети за откуп директно или преку еден откупувач“ од оваа програма, ќе се врши врз основа на доставените податоци од регистрираните откупувачи во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи, кој се води во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство до Агенцијата најдоцна до 15 март 2024 година.

(2) Финансиска поддршка од дел II од подмерка 1.2. „Финансиска поддршка за откупено винско грозје и произведено од сопствен насад од страна на регистрирани производители на вино кои истовремено се регистрирани откупувачи на винско грозје“ од оваа програма, ќе се врши врз основа на поднесено барање до Агенцијата најдоцна до 29 февруари 2024 година од корисник за количините на откупено и преработено винскогрозје од сопствен насад од реколта 2023 година за производство на вино, заедно со потврда за откупена количина на винско грозје и изјава за произведена и преработена количина на винско грозје од реколта 2023 година од сопствениот насад.

IV

Исплатата на средствата од оваа програма ја врши Агенцијата врз основа на донесено решение за исплата од страна на Агенцијата, најдоцна до 31 декември 2024 година.

V

Директорот на Агенцијата заклучно со 31 декември 2024 година доставува до Владата на Република Северна Македонија извештај со финансиски показатели за реализација на оваа програма и причини за отстапување.

VI

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-2187/5
13 февруари 2024 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Фатмир Битиќи,** с.р.